**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ -

УП бр.1310-70
Бр.на постапка 60483
од 04.06.2024 година
Велес

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**За организирање на јавен увид по**

Урбанистички план со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 315, дел од КП 275 и КП 306 КО Сопот, Општина Велес.

Границата на проектниот опфат се движи:

- на север границата коинцидира со дел од КП 275, КО Сопот;
- На исток се движи по границата на КП 305 и КП 308, КО Сопот;
- На запад се движи по КП 314 и КП 316, КО Сопот;
- На југ се движи по КП 313, КО Сопот.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 9187м$^2$ или 0,92ха.

Јавниот увид за Урбанистички план со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 315, дел од КП 275 и КП 306 КО Сопот, Општина Велес, ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Велес.

Јавниот увид ќе трае 15 дена, од 06.06.2024 до 21.06.2024 година, на службената веб страна на Општина Велес (www.veles.gov.mk). Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев